ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **09.05.2022 година** во 08:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Секретар на општина Крива Паланка **Антонио Давитковски**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура - **Маја Костадиновска,** Раководител на правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** Раководител на Одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководителот на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Советник - Одговорен сметководител –**Марија Златановска**, Раководител со овластување на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Валентина Ангеловска,** Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски,** Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска и Драган Цвијовиќ-** подршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар на општина Крива Паланка**

Од страна на Секретарот на општина **Антонио Давитковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1. Да се преземе контрола и организација околу користење на вториот дел на годишен одмор;

2. Да се преземе контрола и организација околу почитување на работното време и работата на администрацијата;

3. Да се координираат повиците и апликациите за Македонија и Србија и за адреналинскиот парк;

4. Да се припреми одлука за Совет за детското игралиште кое е донација од државна лотарија;

5. Да се организира состанок со ЈПДП по однос на забелешките од населението за: Автобуските станици, тротоарите и пристапните патишта;

6. Да се направи координација со „Лабино“ и со „Цвет“ за уредување на речното корито и Бабин дол;

7. Да се продолжат тековните активности за реконструкција на НУ Центар за култура.
-Да се продолжат активностите за реконструкција на ОУЈДГ Детелинка
-Да се продолжи со тековни апликации
-Јавни набавки :
-угостителски услуги
-електрична енергија.

8. Раководителите на одделенијата да се придржуваат на донесените Програми и по однос на истите да бидат распишувани јавните набавки по годишниот план за истите.

-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи,финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.
-Да се отпочнат активности околу фолклорниот фестивал што ќе се одржи на 26, 27 и 28.08.2022 година и да се направи писмо до потенцијалните учесници на истиот;

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на советник - одговорен сметководител – **Марија Златановска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

1. Да се разгледа заедно со Мартин понудата од Вале од Семос;

2. Да се види со Билјана околу составувањето на изјавите за задолжување и плаќање на ратите за телефоните;

3.Да се заврши постапката за набавка на ПОС терминали;

4. Да се изнајде начин за исплата на наградите од турнирот во мал фудбал;

-Тековни активности

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на раководителот на одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

- Да се продолжи со координација на сите градежни активности на терен и тоа;
    - ул.„Вршачка“;
    - Мизовски ливади;
    - Чивлк;
    - Тротоарите на пешачката патека;
    - Речното корито;
    - ул.„Пиринска“;
    - Бабин Дол.

2. Да се даде налог на „Мелтон“ за да се направи решетката во градскиот парк;

3. Да се даде налог на „Дине-трејд“ за селски патишта и тоа;

- с. Мартиница;
- с.Огут-с.Нерав;
- с. Жидилово;
- с. Дурачка Река;
- Речното корито.

4. Да се даде налог на „Дине-трејд“ за поставување на муљ за Осички мост, кај Мотел и Бабин дол;

5. Да се даде налог на „Дине-трејд“ за тампонирање на речното корито за неформален паркинг кај градскиот пазар и кај сточниот пазар;

6. Да се даде налог на ЈП „Комуналец“ да се направи приклучок на канализацијата во с. Конопница кај Велимир до училиштето;

7. Да се направи ажурирана табела по области што е дадено налог за проектирање и во која фаза е техничката документација;

8. Да се даде налог на ЕУРО-РОАД за:

- Мизовски ливади;
- Крстата падина;
- с. Длабочица-црква;
- Илинденска;
- Осичка маала;
- Житни магацин.

9. Да се даде налог на АКВА за:

- Канализација во Трнци;
- Канализација на ул.„8-ми Септември“
- Водовод во Мождивњак и Грамаѓе.

10. Да се даде налог на МГ проект за детските игралишта во Лозаново, Бавчлк и Метереолошка;

11. Да се даде налог на МГ проект за:

- Огут-Нерав;
- ул.„Ристена Гоговска“;
- ул.„Македонска“;
- ул.„Димитар Арсов“;
- с. Мождивњак;
- Кај Миле од ренген.
- Вирови-Грамаѓе.

12. да се направи анализа за инфраструктурните проекти на кои да се даде приоритет за проектирање;

13. Да се даде налог на Параметар за:

- Адреналинскиот парк;
- Училиште во с. Градец;
- Интернат „Боро Менков“;
- 4 градски мостови;
- Просторот пред  ОУ„Јоаким Крчовски“;
- Просторот кај Осичка маала.

14. Да се донесе одлука на Совет за уредување на јавни површини до донесување на план;

15. Да се направи план за улиците кои ќе се асфалтираат со тековно одржување за крпење на дупки:

- Лозаново;
- Скрљавски дол;
- Осичка маала;
- Браќа Миладиновци.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на раководителот на секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура–**Маја Костадиновска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1. Секој понеделник да се доставува извештај за изготвени легализации и завршени предмети од страна на вработени;

2. Секој понеделник да се доставува извештај до каде се постапките за изработка на урбанистички планови и тоа за секој план посебно и дали има некој проблем по однос на истиот;

3. Да се исконтактира Љубица Панова од Министерство за труд и социјала за апликација за ОУЈДГ Детелинка;

4. Да се закаже состанок во АКН за да се изврши бришење на гаражите кои беа на градскиот плоштад, од Имотен лист;

5. Да се закаже состанок со соптвениците на парцелите за новата депонија;

6. Да се стави акцент за адреналинскиот парк и да се координира со Параметар;

7. Да се координира проектирањето на главната улица по препораките од МТВ и светска банка;

8. Да се изврши припрема за асфалтирање, заедно со Никола, за Скрљавски дол;

9. Да се види за детското игралиште во Лозаново, заедно со Никола;

10.Да се одредат локации за ноби дрвореди од огледалото до Облаче заедно со ЈП Комуналец и да биде со јапонски цреши;

11. Да се работи на техничка документација за повикот Мак/Србија;

12. Да се направи нова предмер-пресметка за с. Мартиница и да се подготви апликација;

13. Да се подготви одобрение за градба за адреналинскиот парк;

14. Да се подготви документацијата за продажба на парцелите кај Треска и на Калин Камен;

15. Да се распишат сите заостанати набавки;

-Тековни активности.

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Од страна на раководителот со овластување на одделението за јавни дејности ,локален економски развој и информатичка технологија **Валентина Ангеловска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1. На ден 21-22 Мај организирање на настан од страна на МПЦ за прогласување на светец Јоаким Крчовски каде со дадени насоки од нивна страна општината да биде вклучена во организирање на настанот.

2. На седница на Совет треба да биде донесена Одлука дека на името на ООУ Јоаким Крчовски ќе биде додадено ,,Свети ‘’Јоаким Крчовски.

3. Одржување на настан на ден 20 Мај за денот на пожарникари и во организација на овој настан треба да биде вклучена и општината и со командирот да се направат показни вежби,

4. Да се спреми Одлука за седница на совет за добиената донација од страна на Лотарија за поставување на детското катче на Градски плоштад;

5 По повод денот на детето 1 Јуни организација на настан ,,Игри без граници’’ во координација со училиштата;

6. Да се преземат сите активности за детското игралиште во населба Лозаново;

7. Да се направи координација со Европската куќа за ден 9-ми Мај - Ден на Европа и општината да земе учество во сите активности;

8. Организација на настан Крос кој ќе се одржи на ден 16 Мај во координација со Европската куќа и училиштата;

9. Да се ажурираат сите податоци на веб страната на општина за да информациите бидат јавни и транспарентни за сите;

10. Да се разгледа иницијатива и можност за формирање на фонд за порт со одвојување на еден денар за спорт;

11. Да се разгледат можности во областа на младинските политики со подршка и сувенционирање на младите од изборната програма;

12. Повторно да се распише јавна набавка за кетеринг услуги;

13. Да се организира свечена академија за најдобар просветен работник;

14. Да се припреми апликација за формулар за 5.000.000 денари за пат за с. Мартиница;

15. Да се види со повикот со УНДП за НВО и спортските здруженија

-Тековни активности.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на раководителот на одделението за човечки ресурси **Игор Додевски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1. Да се направи план за користење на старите и на првиот дел од новите одмори;
2.Да се заврши постапката за интерниот и јавниот оглас;
3. По завршувањето на интерниот и јавниот оглас да се продолжи со постапката околу новата организација на општината;

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

-Од страна на раководителот за правни и општи работи **Даниела Велковска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1. Да се отпочне со постапката за експропријација за патот кон с. Мартиница;

2..Да се продолжи со постапката за ЈПП за зонското паркирање и да се донесе Одлука на седница на Совет;

3.Во координација со Игор Додевски да се отпочне со Функционалната анализа;

4. Да се припреми одлука за Совет за линискиот превоз со Општина Ранковце;

5. Да се заврши отпочната судска постапка за фасадата кај ОУЈДГ Детелинка за привремена служБеност;

6.Да се донесе Одлука на седница на Совет за отпочнување со работа на Совет на млади;

7.Поголема ажурност на вработените по однос на архивското работење;

8. Да се поведе постапка за корисничко право на Боро Менков

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

-Од страна на раководителот за испекциски надзор **Бранко Велиновски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1. Да се контролира метењето на јавните површини и косењето на сите јавни површини/редовно косење од страна на Комуналец;

2, Да се направи акција за чистење на долот „Единство“ со механизација од ЈП „Комуналец“;

3. По потпишувањето на договорот со затворот да се организира затворениците за возење од затворот до дестинација за чистење и враќање назад;

4. Да се преземат мерки по однос на депонијата во Мизовски ливади и да се преземат мерки за опоменување на превозниците кои истовараат таму (да се организира да се исчисти депонијата);

5. Поголема активност на инспекторите;

6. Заловување на кучиња;

Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец, **Миле Марковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

1 Да се задолжат вработени кои ќе работат само во вечерните часови на перење на улиците на неделно ниво и тоа на следните улици:

-Главната улица;
-Пешачката патека;
-Градски плоштад;
-Градски парк;
-Плоштадот пред општината;
-Градски пазар.

2. Да се задолжат вработени и да се направи месечен распоред кои ќе работат само на перење на улиците на месечно ниво и тоа на следните улици:

-Споредните улици;
-Магистралата;
-Тротоарите;
-Патот до манастирот;

-Спортскиот комплекс.

3. Да се изврши метење и перење на површините под контејнерите за смет;

4. Да се задолжат вработени кои ќе работат само на косење на сите зелени површини и тоа на следните:
-Клучките на влезот и излезот од градот
-Косината кај Шанин мост;
-Косината кај Борчева кафана;
-Косината кај социјалната зграда;
-Речното корито;
-Градскиот парк.

5. Да се изврши косење на дивата трева покрај патот во:
-Бавчлк;
-Пешачката патека;
-Вада;
Речното корито над игралиште.

6. Скиповите да работат на расчистување на наносите во речното корито;

7. Да се продолжи со уредување на просторот во циглана, односно просторот да се целосно очисти и огради;
8. Метењето на јавните површини е на незадоволително ниво и потребно е:
-Строга и директна контрола од страна на директорот;
-Да се направи распоред за метење и да се бара одговорност кој не си ја заврши работата;
-Метењето да биде темелно , а не површински и да се набават четки за метење.

9. Камионот и тракторот да прават секојдневна обиколка за собирање на крупниот смет од бавчите;

10. Да се заврши оградата кај спортскиот комплекс и резервоарите за вода и да се офарбат или сменат двате различни столбчиња;

11. Да се заврши хортикултурното уредување на паркот и да се продолжи на речното корито и на општинскиот грб;

12. Да се организира сеење на трава на речното корито;

13. Да се распише оглас за изнајмување на гртадскиот базен;

14. Да се исчисти паркингот кај Пакет маркет;

15. Да се исчисти мостот кај Бегови бавчи;

16. Да се поправи фонтаната на градскиот плоштад;

17. Да се изврши редовно наводнување на сите зелени површини со задолжување на луѓе и да се набави прихрана на китките;

18. Да се разгледа можноста за паспишување на јавна набавка за подигање на дрворед од огледало до Облаче;

19. По избирање на форма за набавка на дрвца и да се даде налог за уредување на клучките на влез и излез од градот;

20. Да се набави крупен декоратиев сив камен за жардинерите на главната улица;

21. Да се променат изгорените сијалици на топките во речното корито;

22. Да се направи и подготви апликација за со Србија-Лесковац за набавка на метларка за рачно метење на површини;

23. Нови приклучоци за канализација во Цонев рид, и во с. Конопница кај школото кај Велимир;

24. Да се организира чистење на доловите и тоа:
-Скрљавски дол;
-Белевски дол;
-Осичка маала;
-Единство.

25 Да се продолжи со постапката за донесување на нова организација и поставеност во ЈП Комуналец.

26. Одржување на спортскиот комплекс и тоа:
-Редовно и секојдневно џогирање;
-Редовно чистење на WC;
-Редовно перење на тартан подлогата и спортските терени;
- Редовно косење на зелениот терен;

27. Електричарите да го осветлат влезот , односно буквите Крива Паланка и старата фонтана на градскиот плоштад;

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј, **Драган Величковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

**09.05.2022 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**